10
17.01.2020

Република Македонија ОПШТИНА РЕСЕН
Примено 17. 01. 2020
УП1 10 | 3 | / | /

**ПРИМА ТИМ ДОО**
Бул.Туристичка 50 А-4 локал 7
6000 Охрид, Македонија
Тел.070 24-99-24| 070 399 664 | 070 63 77 31
PRIMA_TIM@YAHOO.COM | WWW.PRIMATIM.COM

**ДАТУМ** January 16, 2020

**ДО**

**ОПШТИНА РЕСЕН**
**За Градоначалникот**

**ПРЕДМЕТ: Барање за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од **Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер** ("Службен Весник на Република Македонија бр. 13 / 01.02.2006 година и измените од 14.07.2008 година, 15.01.2010 година и 03.03.2014 година), Друштвото за процена и консултантски услуги "Прима Тим ДОО Охрид" ги бара следните информации од јавен карактер:

1. Информација и електронски запис (мапа) за последно важечките Службени гласници каде се предвидени зоните на Општина Ресен за процена на недвижен имот;
2. Просечни цени од $м^2$ на продадени недвижности во 2019 година по типови на недвижност и тоа:
Индивидуални станбени згради-куќи, станови во колективни станбени згради, деловни згради, административни згради, индустриски објекти, хотели и објекти за одмор и рекреација, големи трговски единици);
3. Просечни цени од $м^2$ на продадени неизградени градежни земјишта и дворни места за 2019 година.
4. Просечни цени од $м^2$ на продадено на земјоделско земјиште за 2019 год, по групи на населени места, по катастарски култури и категории на земјиште на подрачјето на Општина Ресен и информациите кои се донесени со Одлука на Општина Ресен за утврдување на пазарната вредност на земјоделското земјиште или просечниот надоместок за метар квадратен експропирано земјоделско земјиште на подрачјето на Општината согласно со прописите за експропријација;

Информациите гиባараме согласно Законот за процена (Службен весник на Република Македонија РМ бр.115/10, 158/11, 185/11 , 64/12 , 188/14, 104/15, 153/15 192/15 и 30/16), според кој процена можат да вршат лиценцирани фирми со проценители кои имаат

добиено соодветни уверенија за поедини области (недвижен имот, транспортни средства и машини и опрема).

Согласно наведеното, овие податоци се од основно значење за работата на друштвото и за Општината, односно за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот.

Ве молиме информациите кои се донесени со Одлука на Советот на Општина Ресен да ни ги доставите во писмена форма и електронски запис.

Барател на информацијата:

ПРИМА ТИМ ДОО

Бул.Туристичка 50 А-4 локал 7
6000 Охрид, Македонија
Prima_tim@yahoo.com

**Прилог:** лиценца и спецификација по катастарски општини

**ВИ БЛАГОДАРИМЕ НА СОРАБОТКАТА!**

Со почит,

**Прима Тим ДОО Охрид**
Управител

Друштво за проценка и консултантски услуги ПРИМА ТИМ ДОО Охрид 2